## Опис на работни задачи за експертиза за подготовка на „Секторска анализа за локален економски развој во Пелагонискиот регион“

Во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите“ финансиран од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, организацијата Урбано Гнездо Кривогаштани ги поканува сите заинтересирани правни и физички лица да достават понуда на повикот за избор на надворешна експертиза за изработка на „Секторска анализа за локален економски развој во Пелагонискиот регион“.

**А. Основни податоци**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Партнери на проектот:**

- ЕМПАУРИНГ Крушево
- УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани
- ПЕЛАГОНЦИ ЕТНОС с.Дебриште
- ВОЛВОКС – Битола
- ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА Горно Оризари Битола
- МЛАДИНСКИ СОВЕТ Прилеп
- ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен
- ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС Демир Хисар

**Главна цел на проектот:**
Проектот „Младински политики по мерка на младите“ има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите.

**Проектот е финансиски поддржан** од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

**Времетраење на проектот:** од 01.12.2023 до 31.05.2026

**Б. Работни обврски на консултантската куќа/ надворешниот експерт:**
- **Десктоп истражување**: надлежност на општините во областа, локални политики и стратегии, програми за локален економски развој, одлуки на Општинскиот Совет, национално законодавство релевантно за областа
- **Примарно истражување**: креирање на прашалник (онлајн) и дисеминација до засегнати страни

(Општини, граѓански и бизнис сектор, и институции од Пелагониски регион), средба со Фокус група составена од 9 релевантни претставници од секторот локален економски развој од Пелагонискиот регион

- Изработка на драфт верзија на анализата не подолга од 20 страни
- Изработка на финална верзија на Анализата со вклучени најмалку 3 препораки во рамки на општинските надлежности, не подолга од 30 страни, фонт Calibri 12, проред 1,5, А4 формат
- Учество на експертот на 2 состаноци на работната група во Кривогаштани (работните групи се составни од 3 млади лица од општина Кривогаштани, 3 лица од НВО/бизнис сектор, 2 претставници од општина Кривогаштани и 2 советници од Советот на општина Кривогаштани), 1 состанок со фокус групата во Кривогаштани и 1 презентација на наодите и препораките на пленарна сесија на Регионалната Платформа за млади во Битола.

| Индикативна временска рамка | |
|---|---|
| учество на средба со работна група | Јуни 2024 |
| Средба со Фокус група | Јули 2024 |
| Десктоп истражување, креирање на прашалник | Август 2024 |
| Изработка на драфт верзија | Септември 2024 |
| Изработка на финална верзија | Октомври 2024 |
| Презентација на наоди и препораки, пленарна сесија | Ноември 2024 |

Урбано Гнездо ќе ја олесни комуникацијата меѓу експертот и засегнатите страни.

**В. Услови за пријавување:**

**Општи квалификации:**

- Високо образование минимум ЕКТ VII/1 или 240 ЕКТ;

**Специфични квалификации:**

- Познавање на делокругот на работата на локалната самоуправа, политиките и законите за регионалниот развој и меѓуопштинската соработка
- Познавање на состојбите во локалниот економски развој на локално ниво
- Изработено најмалку 1 истражување (познавање на методите и алатките за истражување и систематизација на наоди)
-

**Г. Дополнителни информации**

**Временска рамка за реализација на договорот:**

Временска рамка на спроведување на активностите е од 01.06.2024 – 30.11.2024

**Вредност на набавката (не повеќе од):** 60 000 денари, бруто износ

**Д. Заинтересираните правни /физички лица треба да достават:**

- ПРИЈАВА во слободен формат со потпис од овластено лице и печат ако е правно лице
- ДРД образец (доколку станува збор за правно лице)
- Доказ за Високо образование
- Доказ за работно искуство согласно бараните квалификации (копии од реализирани договори за ангажман, публикации, истражувања и сл.)
- CV/ Биографија од експертот со вклучена листа на референци
- Изјава за достапност на експертот во периодот за реализација
- Финансиска понуда

**Урбано Гнездо го задржува правото по потреба да побара оригинали на документи на увид*

Пријавените надворешни експерти/компании ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација при Урбано Гнездо, врз основа на доставените документи наведени во делот Д со кои се докажува исполнувањето на условите за пријавување наведени во Делот В.

Наведените услови за пријавување се исклучувачки критериуми и претходат на квалитативната евалуација (Биографија/ CV за предложениот експерт) во три степени: недоволно добра, добра и одлична. Во случај на исто рангирани понуди изборот ќе се направи врз основа на најниската финансиска понуда.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на: urbanognezdokrg@outlook.com

**Краен рок за пријавување:** 11.06.2024 до 16 часот

Кривогаштани,
04.06.2024

*Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас*